**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXX СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-36/2-5**
**26.5.2026 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членот 333 од Законот за трговските друштва и членот 17 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXX седница, одржана на 26.5.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за стекнување сопствени акции со откуп

### Член 1

Од распоредените средства за посебни резерви за купување на сопствени акции, во износ од 300.000.000 денари, се одобрува купување сопствени акции до висина од една десетина од основната главнина на Друштвото, по најниска просечна цена за една акција од 60.000 денари, а по највисока просечна цена за една акција од 200.000 денари.

### Член 2

Купувањето на сопствените акции ќе се изврши на начин кој ќе биде во согласност со законските прописи, во корист на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**Ерол Хасан**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 10